# СКОПЈЕ

БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 7 Година II 02.09.2009




## СЕ ПРОШИРУВА БУЛЕВАРОТ СРБИЈА

SKOPJE gates BIENNIAL 2009

## СКОПЈЕ ЌЕ ПУЛСИРА ВО РИТАМОТ НА СЕДУМТЕ УМЕТНОСТИ

„СКОПЈЕ“

ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО НА ГРАД СКОПЈЕ

Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на: 10 декември 2008

Излегува секоја трета среда во месецот

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Заменик уредник**
Љупчо Пандиловски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Уредник на фотографија**
Радомир Јовановиќ-Рацо

**Лектор**
Ангелика Димовска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
**за издавачот**
**Градоначалник**
**Коце Трајановски**
Булевар Илинден 66

**Телефони**
02 3297 255
02 3297 265

**меил-адреса**
mediumi@skopje.gov.mk
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн**
Европа 92 - Кочани

*Градот Скопје работи на решавање на сообраќајниот метеж во*

# СЕ ПРОШИРУВА

Екипи на Градот Скопје на 26 јули ги почнаа градежните работи за проширување на вториот дел од булеварот Србија, од крстосницата со булеварот Видое Смилевски Бато до улицата Првомајска. Вкупната должина на делницата што ќе се проширува е 1.720 метри, а за изградбата се планира да се потрошат околу два милиони евра. Деновиве, на потегот од булеварот Видое Смилевски Бато кон булеварот 3 Македонска бригада се поставува атмосферска канализација. Ќе следува изградбата на коловозот.

- Ми претставува особена чест што токму на овој ден, кога одбележуваме 46 години од катастрофалниот скопски земјотрес, ја одржуваме традицијата и почнуваме голем градежен зафат кој го симболизира растот на Скопје. Денеска ја почнуваме изградбата на вториот дел од булеварот Србија, кој е една од главните сообраќајници во Градот. Овој булевар се протега од подножјето на планината Водно кај фабриката „УСЈЕ“ до реката Вардар, во правец север – југ. Дел од оваа сообраќајница, од булеварот Видое Смилевски Бато до Вардар е веќе изведен. Денеска го заокружуваме овој капитален проект и почнуваме да ја градиме втората делница од булеварот Србија, од булеварот Видое Смилевски Бато до улицата Првомајска – рече на стартот на градежните работи градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Тој објасни дека станува збор за булеварско решение со четири коловозни ленти со ширина од по 3,5 метри, како и тротоари и велосипедски патеки од двете страни на коловозот. Предвиден е и средишен зелен појас со ширина од 5 метри. На изградбата на сообраќајницата ќе работат екипите на „Мавровоинженеринг“.

- Изградбата на овој дел од булеварот Србија се врши во согласност со Генералниот урбанистички план на градот Скопје. Реализацијата на овој проект ќе придонесе за подобра комуникација меѓу општините Аеродром, Кисела Вода и Гази Баба, ќе се зголеми проточноста на возила, а ќе се намали времетраењето на патувањето. Реализацијата на вториот сегмент од булеварот Србија е дел од заложбите на Град Скопје за решавање на сообраќајните проблеми во Градот и за намалување на сообраќајниот




метеж. Овие прашања ќе бидат приоритет во нашето работење и во иднина – нагласи градоначалникот Трајановски.

На стартот на градежните работи на булеварот Србија присуствуваа и Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, градоначалниците на општините Аеродром и Кисела Вода, Ивица Коневски и Марјан Ѓорчев, претставници на Македонската православна црква и граѓани.

*населбата Аеродром*

# БУЛЕВАРОТ СРБИЈА



# СТАРТУВА ЗОНСКОТО ВО СКОПЈЕ

Со цел надградба на постоечкиот концепт на паркирање во централното градско подрачје, зголемување на бројот на паркинг-места во градот и создавање современи услови за јавно паркирање, Град Скопје и ЈП „Градски паркинг“ од 24 август официјално воведоа зонско паркирање на подрачјето на градот Скопје. Новиот систем се состои од три зони: црвена А зона, жолта В зона и зелена С зона, кои се разликуваат според времетраењето на паркирањето и цената за час паркирање. Проектот за зонско паркирање почна на паркинзите на улиците Даме Груев и Мито Хаџивасилев Јасмин, каде што на располагање се 300 паркинг-места. Стартот на зонското паркирање во Скопје го означија градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и директорот на ЈП „Градски паркинг“, Љупчо Јованов.

- Паркирањето во Скопје со години е голем проблем. Со зонското паркирање ќе се зголеми бројот на паркинг-места во градот, ќе се осовремени системот на паркирање, а и наплатата за паркирањето ќе биде поедноставна. Овој проект е само почеток во решавањето на паркирањето во градот, според примерот на многу други градови во Европа и во светот – рече градоначалникот Трајановски по повод стартувањето на обемниот проект.

Според измените, во А-зоната паркирањето ќе биде дозволено до 2 часа и ќе чини 45 денари за час. Во зоната В задржувањето ќе биде дозволено до 4 часа, со цена од 35 денари за час, а во зелената С зона паркирањето ќе биде со неограничено време, со наплата од 25 денари за час. Плаќањето ќе може да се врши на два начина: преку праќање СМС или со купување Билет за зонско паркирање-гребка, за секоја зона одделно. Картичките за пар-






# ПАРКИРАЊЕ

кирање ќе можат да се купат во најблиските трафики. За жителите на околните згради, како и досега, паркирањето ќе биде повластено и ќе се наплаќа месечна симболична сума.

Секоја зона во центарот на градот е обележана со сообраќаен знак и информативна табла.

Зоната А се простира во делот меѓу булеварите Гоце Делчев, ВМРО и улиците Даме Груев, Војвода Васил Аџиларски и Стив Наумов, зоната В е меѓу булеварите Гоце Делчев, Свети Климент Охридски, Мито Хаџивасилев-Јасмин, Кочо Рацин и Крсте Мисирков, додека С зоната е меѓу булеварите Илинден и Свети Климент Охридски, како и улиците Франклин Рузвелт и Митрополит Теодосиј Гологанов.

Со проектот за зонско паркирање граѓаните полесно ќе можат да го остварат правото на паркинг-простор.

Проектот за зонско паркирање претставува еден од капиталните проекти на Град Скопје.






# КЛУЧКАТА „ДЕТЕЛИНКА" СВЕЧЕНО ОТВОРЕНА ЗА СООБРАЌАЈ



Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општината Чаир, Изет Меџити свечено ја отворија за сообраќај клучката „Детелинка" на Битпазар. Клучката „Детелинка" претставува модерно сообраќајно решение кое овозможува поголем проток на возилата и движење по принципот вртење во десно. Со тоа целосно се елиминира употребата на семафори.

- Новата клучка е модерна, според сите најнови стандарди. Протокот на сообраќајот е зголемен во сите насоки, непрекинато, со брзина од 40 километри на час. Со тоа се елиминира работењето на моторите на возилата во место, а како резултат на тоа се намалува концентрацијата на издувни гасови во воздухот и потрошувачката на гориво. Просторот околу клучката е еколошки и естетски облагороден со зеленило – изјави по тој повод градоначалникот Трајановски.

Градоначалникот Меџити рече дека е завршен проект кој на општината Чаир и дава лик на европска општина.

- Во наредниов период со Градот Скопје ќе работиме на решавање на уште едно тесно грло во општината Чаир, делот пред трговскиот центар „Чаирчанка" – рече градоначалникот Меџити.

Инвеститор на градежните работи на клучката „Детелинка", која се градеше 9 месеци, е Градот Скопје. За изградбата беа потрошени 39.000.000 денари.

# СЕ БЕЛЕЖАТ ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ ВО ЧАИР И ВО БУТЕЛ

Екипите на ЈП „Улици и патишта" деновиве ги бележат улиците и булеварите во општините Бутел и Чаир.

Службите работат според претходно подготвена динамика на следниве улици и булевари: Цветан Димов, Џон Кенеди, Христијан Тодоровски Карпош, Ферид Бајрам, Македонско-косовска бригада, Втора македонска бригада, Босна и Херцеговина, Бутелска, Радишанска и Словенија.

Улиците се бележат рачно и машински со бела боја. Се освежува и бојата на пешачките премини, стрелките и стоп линиите.



# САНИРАН АСФАЛТОТ НА УЛИЦАТА ДИМИТРИЕ ЧУПОВСКИ

Оштетениот и нерамен асфалт на дел од улицата Димитрие Чуповски, кај автобуската постојка "Рекорд", во изминативе неколку дена беше целосно саниран.

Како последица од сообраќајниот метеж и големата фрекфенција на автобуси асфалтот на овој потег беше многу оштетен и имаше бројни вдлабнатини и подигнувања. Коловозот беше машински изгребен со механизација на ЈП „Улици и патишта", по што улицата беше асфалтирана со асфалтен слој од 8 сантиметри.

Асфалтирана е површина од 200 квадратни метри.




*Во рамките на одбележувањето на 26 јули*

# ПОСТАВЕНИ ДВЕ ИЗЛОЖБИ ВО МУЗЕЈОТ НА ГРАД СКОПЈЕ

Во рамките на одбележувањето на годишнината од катастрофалниот скопски земјотрес од 1963 година, во Музејот на Град Скопје на 26 јули беа отворени две изложби: „Филантропски пориви 1 и 2“ од авторот Славица Јанешлиева и „Скршениот град – 26 јули 1963“, поставка на стари разгледници од збирката на Музејот на Град Скопје.

- Цели 46 години немиот часовник на зградата на Старата железничка станица, денес Музеј на Град Скопје, го покажува истото време – 5 часот и 17 минути. Тоа време засекогаш ќе биде запишано во историјата како момент кога Скопје беше погоден од катастрофален земјотрес. Тоа е моментот кога за само 17 секунди, 1.070 луѓе го загубија животот под урнатините, градот го загуби својот лик и за момент се се претвори во пепел. За само неколку часа почна големата акција во која целиот свет се мобилизираше за да му помогне на Скопје и на неговите граѓани. На овој ден ја искажуваме нашата почит кон жртвите во земјотресот, како и нашата благодарност на градителите на новото Скопје – рече градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, на отворањето на изложбите.

Пред присутните граѓани во Музејот на Град Скопје настапи Дарко Багески на класична гитара, а беше прикажана и проекцијата на филмот „СКОПЈЕ 63“.



Претходно, делегација на Градот Скопје, предводена од градоначалникот Коце Трајановски и претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева, положи свежо цвеќе пред Спомeникот на жртвите во скопскиот земјотрес од 1963 година, на градските гробишта во Бутел.

- На овој ден се потсетуваме на катастрофалниот земјотрес од 1963 година што го промени лицето на Скопје. Се потсетуваме на нашите сограѓани кои трагично ги загубија животите во големата несреќа. На овој ден повторно испраќаме порака за благодарност до целиот свет и до сите хумани луѓе кои придонесоа Скопје повторно да се издигне – рече градоначалникот Коце Трајановски, на годишнината од скопскиот земјотрес.

# БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ ВО ПАРКОТ „ЖЕНА-БОРЕЦ“



Скопјани од минатиот месец имаат можност бесплатно да се поврзат на Интернет во паркот „Жена борец“ и во Градскиот парк, спроти градските бараки. Оваа активност е дел од проектот на Градот Скопје за промоција на бесплатни Интернет-точки во Скопје, со кој на граѓаните им се овозможува бесплатен безжичен Интернет-пристап без лозинка, а може да го користи секој што има пренослив компјутер или друг уред, како мобилен телефон, кој има можност за безжична конекција.

Проектот за бесплатни Интернет-точки го промовираше градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, во паркот „Жена борец“.



# СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ВО ШУТО ОРИЗАРИ ОТВОРЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ

Граѓаните на Шуто Оризари од минатиот месец имаат можност да се рекреираат во обновениот спортско-рекреативен центар кој се наоѓа наспроти општинската зграда во Шуто Оризари.

- Град Скопје проектот за обнова на овој спортски центар го помогна со табли за кошеви и клупи, а во наредниот период ќе донираме и корпи за отпадоци и десетина канделабри. Со уредувањето на овој простор на граѓаните на Шуто Оризари им се отвора одлична можност за рекреација и за дружење. Ако овој центар добро се одржува, тој ќе стане омилено место за посета на граѓаните на Шуто Оризари – рече градоначалникот Трајановски на свеченото отворање на спортско-рекреативниот центар.

# НОВИ ШТЕДЛИВИ СВЕТИЛКИ НА 58 СООБРАЌАЈНИЦИ

Екипи на Градот Скопје во периодот од 7 до 31 јули променија 3.042 светилки на 58 сообраќајници (во целост или нивни делови). Со новопоставените светилки се обезбедува поквалитетно осветлување и заштеда на електрична енергија од околу 30 проценти, односно заштедата на електрична енергија на годишно ниво изнесува 7.260.320 денари или приближно 117.671 евра.

Со промената на светилките, заштедите од редовно одржување на јавното осветлување на овие сообраќајници се предвидува да изнесуваат околу 100.000 евра на годишно ниво.

Целокупната промена, набавка и монтажа на светилките изнесува нешто помалку од 600.000 евра, што значи дека целокупната инвестиција би се вратила за период од 3 години.

Новопоставените светилки се и еколошки оправдани зашто емисијата на јаглероддиоксид од нивното функционирање е двојно намалена.



# ДОВРШЕНА РОЛЕРСКО-ВЕЛОСИПЕДСКАТА ПАТЕКА ВО АЕРОДРОМ

Ролерско–велосипедската патека по кејот на реката Вардар, во делот на општината Аеродром минатиот месец беше целосно довршена. Патеката е долга 2.600 метри, а широка 4 метри. Почнува од мостот кај Транспортниот центар, каде што се спојува со патеката во општината Центар, а крајот е до мостот „Близнак“ во населбата Ново Лисиче. Патеката свечено ја пуштија во употреба градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општината Аеродром, Ивица Коневски.

- За изградбата на оваа патека одвоивме пет милиони денари. Граѓаните на Скопје сега имаат убава можност да се рекреираат и да уживаат крај реката Вардар. Веќе работиме на проектот за продолжување на оваа велосипедска патека кон Ново Лисиче и Лисиче, како и за изградба на патека на левата страна на кејот – рече градоначалникот Трајановски.

Ролерско–велосипедската патека се изведуваше во 2 дела. Првиот дел во должина од 800 метри се протега од мостот кај Транспортен центар до рибарската куќичка во Аеродром. На оваа патека има 2 пешачки скали и 2 рампи за лица со посебни потреби. Поставена е вертикална и хоризонтална сигнализација. Се планира да се постави осветлување.

Вториот дел во должина од 1.800 метри се протега од рибарската куќичка до мостот „Близнак“ во населбата Ново Лисиче. На овој дел има 5 пешачки скали и 2 пристапни рампи за лица со посебни потреби. Како дел од оваа патека, екипите на ЈП „Улици и патишта“, под мостот „Близнак“, изработија свртувалиште со површина од околу 1.000 квадратни метри на кое се планираат забавни содржини за децата, но и за повозрасните. Исто така, изработен е пристапен пат во должина од 300 метри кој ја спојува ролерско–велосипедската патека со булеварот АСНОМ. На овој дел е поставена комплетна хоризонтална и вертикална сигнализација, како и осветлување.

## АСФАЛТИРАН КРАК ОД УЛИЦАТА ТОДОР ЧАНГОВ

На барање од граѓаните на скопската населба Лисиче за решавање на долгогодишниот проблем со земјениот пат на Кракот 1 од улицата Тодор Чангов, екипи на Градот Скопје изминативе денови го асфалтираа земјениот пат.

Со асфалт е покриена површина од 370 квадратни метри, а вградени се 54 тони асфалт.

Градежните работи на улицата Тодор Чангов ги изведуваа екипи на ЈП “Улици и патишта”.

## СЕ УРЕДУВАШЕ ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПАРК-ШУМА „ГАЗИ БАБА“

Привремено ангажираните работници во Градот Скопје заедно со вработените од ЈП „Паркови и зеленило” во текот на минатиот месец работеа на уредувањето на карактеристичниот пејзаж „Гази Баба“.

Во оваа акција на подрачјето на парк-шумата беа искосени тревните површини, се кројеа грмушките, се поткаструваа крошните на дрвјата, а се исекоа и сувите и оштетени дрвја.

# ОТВОРЕН ЗА СООБРАЌАЈ ПРОШИРЕНИОТ БУЛЕВАР ВИДОЕ СМИЛЕВСКИ БАТО



Булеварот Видое Смилевски Бато, во населбата Ново Лисиче е проширен во должина од 510 метри на потегот од крстосницата со булеварот Србија до крстосницата со булеварот Февруарски поход. Проширениот булевар минатиот месец свечено го предадоа во употреба градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општината Аеродром, Ивица Коневски.

- За градежните работи на булеварот беа потрошени 30 милиони денари, а се градеше пет месеци. Ова е модерно булеварско решение, со вградена атмосферска канализација и штедливи светилки. Очекуваме сообраќајот во овој дел од градот значитечно да се растовари, а граѓаните да го скратат времето на патување – изјави градоначалникот Трајановски на свеченото отворање на булеварот.

Со проширувањето на десната лента од булеварот Видое Смилевски Бато се доби булевар широк 23,5 метри. Коловозните ленти се широки 10,5 метри, а пред раскрниците ширината изнесува 14 метри. Зелениот појас е широк 6,5 метри, а велосипедските патеки ќе зафаќаат 2,5 метри. Тротоарите се широки 4 метри.



## БЕКАТОН-ПЛОЧКИ НА ТРОТОАРИТЕ НА БУЛЕВАРОТ НИКОЛА КАРЕВ

Тротоарите на булеварот Никола Карев во текот на минатиот месец беа покриени со бекатон-плочки, при што беше покриена површина од 1.540 квадратни метри.

Ова е дел од поголемата акција на Градот Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ во која претходно бекатон-плочки беа поставени и на улицата Самоилова.

## ПОЧНА ДА СЕ ГРАДИ ПАТ ОД ВОЛКОВО ДО СЕВЕРНАТА ОБИКОЛНИЦА

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и градоначалникот на општината Ѓорче Петров, Сокол Митровски, на 29 јули го означија стартот на градежните работи на пристапниот пат кон северната обиколница кој ќе почнува кај последната автобуска станица на автобусот со број 22 во Волково.

- Ми претставува особена чест што денеска почнуваме значаен инфраструктурен објект кој ќе придонесе за растоварување на сообраќајниот метеж во градот Скопје. Се надевам дека до крајот на годинава ќе се видат позитивните резултати од изградбата на овој пат – рече градоначалникот Трајановски на стартот на изградбата на пристапниот пат.

Пристапниот пат од Волково до обиколницата ќе биде долг 846 метри.



# НОВ ХИДРОФОРЕН СИСТЕМ ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА ШУТО ОРИЗАРИ

Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, свечено ја пушти во употреба новата хидрофорна постројка со која ќе се подобри водоснабдувањето на дел од населбата Шуто Оризари.

- Пуштаме во употреба нов хидрофорен систем, со потисен цевковод, кој треба во наредниот период да им го реши долгогодишниот проблем на граѓаните на општината Шуто Оризари - истакна градоначалникот Трајановски, по повод пуштањето на системот во употреба.

Проектот вреден околу 5 милиони денари е финансиран од Градот Скопје, ЈП „Водовод и канализација", општината Шуто Оризари и од Министерството за транспорт и врски.



# ЕДНОНАСОЧЕН СООБРАЌАЈ ПО УЛИЦАТА ВЛАДИМИР КОМАРОВ

Од минатиот месец по улицата Владимир Комаров во населбата Аеродром се вози во една насока. Градот Скопје за потребите на новиот сообраќаен режим ја прошири крстосницата на булеварот Јане Сандански со улицата Владимир Комаров, а екипи на ЈП „Улици и патишта" поставија соодветна сообраќајна сигнализација.

- Една од главните мои определби како градоначалник на Град Скопје е решавањето на сообраќајниот хаос во градот. Во таа насока е и воведувањето еднонасочен сообраќај по улицата Владимир Комаров, како дел од севкупниот проект за одредување на еднонасочни сообраќајници - изјави градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски при означувањето на стартот на еднонасочниот сообраќај по Владимир Комаров.

# ПРОДОЛЖУВА ПОСТАВУВАЊЕТО ХИДРАНТИ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ

Екипите на Градот Скопје изминативе денови ја продолжија акцијата за поставување нови надземни хидранти. Оваа акција се одвива во соработка со ЈП „Водовод и канализација" и со Противпожарната бригада на Град Скопје. Акцијата се спроведува со цел да се обезбедат повисоки стандарди во заштитата од пожари и поголема мобилност на екипите на Бригадата при користењето на хидрантите.

Екипите на јавното претпријатие деновиве поставуваат нови хидранти на повеќе локации во градот. Хидранти, меѓу другото, се поставуваат на раскрсниците меѓу улиците Ленинова и 332, пред Клубот на пратеници и на булеварот Партизански одреди со улицата Костурски херои (до Универзална сала), на улицата Илинденска (наспроти Матичната служба на Град Скопје), на улицата 11 Октомври (кај последната автобуска станица на автобусот со број 4), на булеварот Партизански одреди (пред Архивот на Град Скопје), пред влезот во болницата „Филип 2", на улицата Јани Лукровски (пред ОУ „Стив Наумов"), на улицата Радишанска (пред основното училиште) и на други локации.

Во согласност со изготвениот план на Град Скопје, се поставуваат 17 хидранти во Центар, 5 хидранти во Кисела Вода, 4 хидранти во Аеродром, 7 хидранти во Карпош, 3 хидранти во Ѓорче Петров, 4 хидранти во Гази Баба, 3 хидранти во Бутел и 3 хидранти во Радишани, или вкупно 46 хидранти.

Почнува врвната културна манифестација „Биенале на млади

# СКОПЈЕ ЌЕ ПУЛСИРА
# НА СЕДУМТЕ УМЕТНО



## уметници од Европа и од Медитеранот“

# ВО РИТАМОТ
# ОСТИ

Градот Скопје од 3 до 12 септември годинава ќе биде домаќин на врвната културна манифестација „Биенале на млади уметници од Европа и од Медитеранот“. По Барселона, Солун, Марсеј, Валенсија, Лисабон, Торино, Рим, Сараево, Неапол и Пуља, главниот град на Македонија првпат ја има можноста да биде домаќин на еден од најголемите културни настани во Европа.

Во септември, девет дена во Скопје околу 800 уметници, на возраст меѓу 18 и 30 години, ќе творат во седум уметнички дисциплини – визуелни уметности, применета уметност, перформанси, литература, музика, гастрономија и филмска уметност. Уметниците доаѓаат од 48 земји од Балканот, средниот Исток, Медитеранот и од земји-членки на Европската унија.

Младите уметници ќе имаат активности на кои е предвидено да се промовира македонската култура, традиција и уметност, како и да се промовира македонското наследство. Со танц, музика, литература, гастрономија, театар, урбани уметности, слики во движење, куклен театар и уште многу други перформанси ќе се одбележи овој деветдневен настан.

За да се афирмира целиот град, активностите на Биеналето нема да бидат лоцирани само на едно место, туку ќе се искористат сите капацитети што ги нуди Скопје. Плоштадот„Македонија“, Музејот на современа уметност, Музејот на град Скопје, Македонска опера и балет, Куршумли ан, Даутпашин амам, кејот на реката Вардар, МКЦ, платото на Домот на АРМ, Драмски театар, Школка – Градски парк се локациите каде што заинтересираните граѓани ќе може да го почувствуваат духот на оваа голема културна манифестација годинава во Македонија.

Свеченото отворање на „Биенале на млади уметници од Европа и од Медитеранот“ ќе биде на трети септември (четврток) на градскиот плоштад во Скопје, а почесен гостин на отворањето ќе биде Јан Фигел, еврокомесарот за култура.

Крајот на културното„Биенале на млади уметници од Европа и Медитеранот“ во Скопје ќе го одбележат голем музички концерт и изложба на најуспешните дела направени во текот на биеналните активности.

Главен организатор на манифестацијата е Асоцијацијата за меѓународна младинска соработка (АММС) од Скопје. Коорганизатор е Асоцијацијата Биенале на млади уметници од Европа и од Медитеранот. Главни поддржувачи се Владата на Република Македонија, Министерството за култура и Град Скопје.





# „ВРЕЛО“

## ВРВНИ НУРКАЧИ ЈА ИСТРАЖУВАА ДЛАБОЧИНАТА НА ПЕШТЕРАТА

Македонските спелеонуркачи и нивните пријатели од меѓународната експедиција на почетокот на август ја истражуваа подводната пештера „Врело“, на Матка и достигнаа до длабочина од 190 метри. Според длабочината, подводната пештера „Врело” сега се наоѓа на петто место во Европа, а четиринаесетта во светот меѓу пештерите кои се истражувани од страна на човекот.

Неверојатниот потег на нуркачите предводени од извонредните Луиџи Касати од Италија и Марк ван дер Мулен од Белгија беше прекинато поради лошите временски услови и обилните врнежи кои го зголемиле дотокот и ја заматиле водата во подводната пештера. Нуркањето ќе продолжи идната година.

Меѓународната спелеонуркачка експедиција се сретна и со градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, кој изрази голема благодарност за нивната помош во истражување на пештерата Врело и нејзината промоција како една од најубавите и најдлабоки подводни пештери во светот.

Трајановски напомена дека се планира изградба на пешачка патека и заштитни рампи од манастирот „Свети Андреа“, како и изградба на платформа и поставување на осветлување и електрика.

Исто така, тој најави дека во наредните години Градот Скопје и финансиски ќе го поддржи истражувањето на пештерата „Врело“.







## ГРАД СКОПЈЕ

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ**
КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ
тел: 32 97 204
gradonacalnik@skopje.gov.mk
барака број: 4

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
ИРЕНА МИШЕВА
тел: 32 97 207
irena.miseva@skopje.gov.mk
барака бр. 1

**СЕКТОР ЗА ФИНАНСИИ**
Раководител: КРСТЕ АНДОНОВСКИ
тел: 32 97 277
kandonovski@skopje.gov.mk
барака бр: 7

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ДАНОЦИ, ТАКСИ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ**
тел 32 97 280 –промет и подароци
тел 32 97 316-имот
тел 32 97 314-такси
danoci@skopje.gov.mk

**СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
Раководител: АЉОША ШОПАР
тел: 32 97 282
Aljosa.Sopar@skopje.gov.mk
барака бр: 10а

**СЕКТОР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА**
РАКОВОДИТЕЛ: ЦВЕТАНКА ИКОНОМОВА-МАРТИНОВСКА
тел: 32 97 301
Cvetanka.Ikonomova@skopje.gov.mk
infoekologija@skopje.gov.mk
барака бр: 14

**ИНСПЕКТОРАТ НА ГРАД СКОПЈЕ**
Раководител: ХАМЗИ ЦАФЕРИ
тел: 32 97 359
hamzidz@skopje.gov.mk
барака бр: 14

## ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**ЈП „ГРАДСКИ ПАРКИНГ**
Директор: ЉУПЧО ЈОВАНОВ
jovanovlj@gradskiparkig.com.mk
тел: 30 91 072 , 30 91 074
www.gradskiparking.com.mk
- Пајак служба
тел: 32 38 871

**ЈП „УЛИЦИ И ПАТИШТА“**
Директор: ИЛИЈА МАРТИНОВСКИ
тел: 31 62 317
www.jpuliciipatista.com.mk

**ЈСП „СКОПЈЕ“**
Директор: АЛЕКСАНДАР БОШКОВИЌ
aboskovic@jsp.com.mk
тел: 31 74 265
www.jsp.com.mk

- Диспечерски центар
тел: 31 73 224

**ЈП „КОМУНАЛНА ХИГИЕНА“**
Директор: ЗЛАТКО ДИМОВСКИ
тел: 32 20 827
www.khigiena.com.mk

**ЈП „ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО“**
Директор: ДУШАН АВИРОВИЌ
тел: 30 70 112

**ЈП „ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА“**
Директор: ИГОР АРНАУДОВ
тел: 32 20 839
www.vodovod-skopje.com.mk

-РЕОНИ ЗА НАПЛАТА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА И КАНАЛИЗАЦИСКА МРЕЖА

**Реон 1 Центар**
наплата тел: 31 17 753
reoncentar@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 32 38 992
одржување канализациска мрежа
тел: 31 37 123

**Реон 2 Кисела Вода**
наплата тел: 31 16 987
reonkiselavoda@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 27 82 609
одржување канализациска мрежа
тел: 27 91 566

**Реон 3 Карпош**
наплата тел: 31 18 581
reonkarpos@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 30 76 407
одржување канализациска мрежа
тел: 30 62 174

**Реон 4 Чаир**
наплата тел: 31 17 673
reoncair@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 26 71 888
одржување канализациска мрежа
тел: 26 71 999

**Реон 5 Гази Баба**
наплата тел: 31 16 889
reongazibaba@vodovod-skopje.com.mk
одржување водоводна мрежа
тел: 31 74 524
одржување канализациска мрежа
тел: 31 74 524

## ГРАДСКИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ

БИБЛИОТЕКА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
31 62-544
КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
31 15-238
ДОМ НА КУЛТУРА „КОЧО РАЦИН“
31 63-739
МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
31 15 508
МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ
31 15-367; 31 13-609
УНИВЕРЗАЛНА САЛА - СКОПЈЕ 3245615
ЗООЛОШКА ГРАДИНА 32 20-578
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР “КАРПОШ“
31 16 159

## ПОВАЖНИ ТЕЛЕФОНИ

- Противпожарна служба 193
- Центар за управување со кризи 195
- Електро-Скопје 02 31 61 454
- Водовод и канализација 02 30 73 010
- Комунална хигиена 02 32 24 961
- Топлификација 02 30 76 200
- ЈСП „Скопје“ возен ред 02 31 73 224
- Стационар Вардариште 075 50 60 90
- Ургентен центар 02 31 47 147
- Градска болница 02 31 30 311
- Дежурна аптека „Зегин“ 02 32 98 504
- Аеродром „Александар Велики“ 02 31 48 333; 02 31 48 336
- Меѓуградска автобуска станица 02 24 66 011; 02 24 66 313
- Железничка станица 02 31 64 255
- Матична служба - ГУВР 31 17 037; 31 17 766
- Сала за венчавање 31 18 250
- Републички пазарен инспекторат 975
- СОС - кризни состојби на деца и млади 0800 12 222; 31 36 400
- СОС - за жени и деца жртви на насилство 97 00
- СОС - информации и превенција од трговија со луѓе 0800 11 111; 31 73 424
- Градски кина-Скопје 31 37 377
- Кино Рамстор 32 90 153
- Милениум 31 20 389
- Драмски театар 30 63 388
- Детски театарски центар 32 90 111
- Македонска опера и балет-МОБ 31 14 511
- Национална галерија на Македонија-Мала станица 31 26 856

## СКОПСКИ ОПШТИНИ

- Општина **Центар** 3203 680
- Општина **Кисела Вода** 2785 400
- Општина **Аеродром** 2400 970
- Општина **Карпош** 3061 507
- Општина **Гази Баба** 3226 655
- Општина **Чаир** 2616 865
- Општина **Бутел** 2616 868
- Општина **Шуто Оризари** 2650 584
- Општина **Ѓорче Петров** 2039 307
- Општина **Сарај** 2050 289












фотографија: Киро Ангелески